ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Управа за водење на матичните книги, сметка на основен буџет (637)

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива,

**Клучни утврдени состојби:**
- во електронскиот матичен регистар поврзани се 90 матични подрачја, а за останатите 85 не е донесен акциски план за нивно електронско поврзување,
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е некомплетно и целосно извршен согласно законските акти,
- за дел од постапките за јавни набавки не е обезбедена целосна транспарентност и конкуренција меѓу економските оператори.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**
- поврзување на сите матични подрачја во електронскиот матичен регистар,
- вршење целосен попис согласно прописите,
- спроведување на постапките за јавните набавки согласно законските прописи.

**Клучни системски слабости:**

Во Законот за трансформација во редовен работен однос не е утврден максималниот процент на лица кои може да се ангажираат со договор на дело.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување